ТАТЈАНА СТОЈАНОСКА[1]

28-42
28-24

# МОРАЛНИТЕ НАЧЕЛА НА ИСЛАМСКАТА РЕЛИГИЈА

## АПСТРАКТ

Спецификите на денешнината се брзите и динамични промени, трансформациите во сите општествени сфери, развојот на науката и техниката, енормно брзиот напредок на информатичката технологија и секако промените што ги зафаќаат моралните начела и вредносниот систем. Но и покрај ваквиот развој на општествените сегменти, интересно е што на површината избива религиската определба и религијата не само што не ја губи битката со науката, напротив, многу брзо навлегува и се стационира во нашето општество. Покрај христијанството, како доминантна религија во Македонија, Исламот обединува голем број на верници кои се придржуваат до неговите начела, вклучувајќи морални норми кои заслужуваат да бидат проучени и потенцирани.

## ВОВЕД

Исламот е најмлада светска универзална религија настаната во раниот среден век, поточно во шестиот век од нашата ера на Арапскиот полуостров. Исламот денес е една од најважните религии на човечкиот род и е присутна на сите континенти. Зборот ислам, како што наведува Елијаде, води потекло од четвртата форма на глаголот слм-аслама што значи да се покориш, верниците кои го почитуваат и практицираат исламот како религија се нарекуваат муслимани, а муслиманот е партиципиент на активностите, односно оној кој се покорува . Проучувајќи го Исламот како религија се забележува дека кога муслиманите говорат за периодот непосредно пред настанувањето на Исламот, ги истакнуваат одредените морални особини на поединците и групите кои живеат на тлото каде што подоцна се појавува Исламот. Клучен елемент на исламската религија преставува преданоста на единствениот Бог-сторител. Иако, како што напоменува Букер , муслиманите зборуваат за периодот пред Исламот како за период на временска неукост, не толку заради недостаток на ученост, туку поради идеопоклонството и неприличното однесување, себичноста и лакомоста на трговците и безобзирноста на некои војсководци, сепак истовремено

[1] Авторот е асистент на Инситутот за социологија на Филозофскиот Факултет од Скопје

муслиманите ги почитувале и вредностите на Бедуинскиот начин на живот и тоа: храброста, великодушноста, гостопримството, кое често преминувало во крајност и посебно развиеното религиозно и морално чувство ги наведува да ги ценат својата чест, да го одржуваат зборот и да ја признаваат конечноста на она што е ЗАР или судбина. Дел од овие норми ќе ги прифати, примени и вгради во своето учење Мухамед, кој воедно е и основач на Исламот и тие норми се среќаваат во Светата книга-Куран, која е основа на исламската религија и која е плодно тло на морални начела и принципи, а воедно придржувајќи се кон неа, верниците правилно морално се изградуваат.

## СВЕТА КНИГА-КУРАН

Куранот е единствената и најважна поткрепа во развојот на исламската цивилизација и во животот на муслиманите, било како членови на заедница, било како поединци. Куранот е света книга, за муслиманите слово Божје, кое Архангел Гаврил го пренел преку пророкот Мухамед, односно Мухамед ја добил верската вистина од самиот Бог, преку Архангел Гаврил,кој доаѓајќи во пештерата во Мека на Мухамед му дава марамче на кое пишувало: Читај во името на Господарот твој, кој создава, го создава човекот од угрушок,читај, племенит е господарот твој, кој поучува на перо, кој човекот го поучува на она што не знае. Ценет како Божје слово, истовремено станува стандард и модел на пишаниот и говорниот арапски јазик. Преставува извор на теологија, законодавство, на општествени односи, правило на однесување во трговските и лични односи, правило на однесување во секојдневниот живот. Со текот на времето, Куранот заедно со хадисите постепено ќе се организираат и во практични прописи познати како шеријат. Како што ќе потенцира Букер , прописите не се усогласени во секој поглед, па така начинот на живот на муслиманите понекаде се разликува, во зависност од тоа кој шеријат (правниот курантски акт) го почитуваат, а постојат четири шеријати: Маликити (кои преовладуваат во земјите од Западна Африка), Ханифити (кои се наоѓаат ширум муслиманскиот свет), Шафити (кои имаат упориште во Азија) и Ханбалити (кои имаат упориште во Саудиска Арабија).

Куранот произлегува од Мухамедовите проповеди, а всушност и самиот збор значи проповед. Се опишува како совет, бидејќи им е даден на луѓето со цел да го следат правиот пат. Во Куранот има теми кои што се повторуваат и тоа: повикот за почитување на Бога, нужно спроведување на правдата, ништожноста на паганскиот начин на живот, неизбежноста на судниот ден и казна која ќе ја добијат злосторниците и рај и награда за праведните.

Куранското социолошко, филозофско и духовно единство значи симбол и ознака за висок степен на единство на животот и светот за сето она што значи мисла, за сите поими и идеи што ги создава и ги твори логосот со делото на куранот, во него и неговата конститутивна улога за световите, со уфрлање на духовна контемплација во откривањето и сознавањето на тајните на животот. Како што ќе потенцира Изетбеговиќ , Куранот не е само литература тој е живот и на него треба да се гледа како на начин на живеење, односно Куранот е експлозивна смеса од религија, морал и политика, која ослободува огромни енергии од највисок вид и токму тој ја дава формулате на Исламот која се совпаѓа со формулате на животот. Куранот има за цел да ја потенцира двојноста на животот, имено, да се живее само еден живот за човекот е еден вид техничка неможност од моментот кога престанал да биде дрво или животно од "калу бела" (Куран), од кога е поставена моралната загатка на небото, од кога човекот е фрлен во општествената стварност. Човекот може да мисли или да верува во еден живот, но кога живее, тој живее два живота.

Куранот во денешниот облик е всушност текст кој го составил Осман околу 650 година. Куранот се состои од 114 сури (поглавја) составени од ајети (стихови) кои имаат различна должина. Куранот е напишан во поетска и ритмичка проза со живописен и убав стил. Како што истакнува Елијаде , првобитната намера била преку Куранот да се воведат Арапите во заедницата на народи, дел од светите книги, во тој ред со Евреите и Христијаните, кои ги примиле Тората и Заветите. Двете најголеми теми во Куранот се единственоста и моќтта Божја и природата и судбината на луѓето во односот со Бога.

Статусот на Куранот, како вечен, означува дека неговите зборови всушност го објавуваат благословот и треба да се научат неговите стихови напамет, да се стане хафиз-чувар на Куранот, и тоа преставува побожен чин и значи почитување на заедницата. Рецитирањето на стиховите од Куранот, преставува вештина сама за себе и врвните говорници во тоа можат да помагаат за време на некои прослави или жалости.

Она што е посебно специфично и значајно е тоа што во Куранот постојат многу морални проповеди, кои заедно со обичаите од пророковиот живот ја формираат основата на исламскиот закон. Широкоградоста, чесноста, преставуваат врв, а себичните трговци од Мека се строго осудувани. Основните барања на муслиманскиот живот се: вера во Бога-Алах,дневни молитви, милостиња, пост во месец Рамазан, аџилак во Мека. Општествените реформи се воспоставени, а меѓу нив се законот за наследство, законот за криминал, однесување на мажот и жената, родителите и децата, трговците и муслиманите спрема немуслиманите. Каматите се забранети, а востановени се и закони за исхраната. Куранот, како света книга, подразбира посебен однос на верниците кон неа. Анализирајќи ги сите сури, може да

се забележи дека од самиот почеток на верникот му се нуди еден морален идеал, преку ликот на Алах, како морално совршено суштество, при што се потенцираат моралните особини на Алах кои верникот треба да настојува да ги почитува и да ги поседува. Принципот на доброто како врвна морална вредност и принципот на праведност се основните морални принципи кои верникот треба да ги почитува и да бидат негови двигатели во секоја негова активност.

## МОРАЛНИТЕ ПРИНЦИПИ ВТКАЕНИ ВО СУРИЊАТА-ПРАВИЛАТА ВО КУРАНОТ

Читајќи го Куранот, добивате впечаток дека секоја сура, секој ајет скрива и индиректно упатува на некоја морална норма. Анализирајќи ги сурињата ќе забележите дека и директно се потенцираат одредени вредности кои им се нудат како значајни вредности врз основа на кои верниците треба да го градат својот живот и да постапуваат во согласност со тие вредности. Во секое суре ќе сретнете стих кој препорачува моралност, стих кој ја потенцира вредносноста на Исламот како религија, укажува на доблеста како најзначаен сегмент за верниковите постапки.

Почетокот врз кој се друго се фокусира и се движи едноставно гласи: Алах е еден. Нема друг Бог освен него. Сурите започнуваат со стиховите БИСМИЛЛАХИР – РАНМАНИР - РАХИМ што значи Во името на Бога, сеопштиот, добротворецот, милостивиот, Бог е господар на световите, тој е добротвор, милостив, господар на судниот ден, единствен кој упатува на праведен, добар и прав пат. Всушност уште од самиот почеток се потенцираат праведноста и доброто како врвна морална вредност, а Алах е моралниот идеал кој треба да го следи секој верник.

Во втората сура, се зборува за настаните поврзани со позицијата на зајакнување на исламската веронаука и за нејзиното ширење по пат на ненасилни сретства и тоа е вистинската вера и во однос на тоа се вели: Таа е награда за оние кои со свои раце заслужиле, а Алах нема да направи насилство над своите робови, оти за насилниците нема помагачи . Преку овој цитат всушност се согледува дека исламската религија е религија на трпеливост, толеранција, истрајност, строго се забранува насилството, а добрата волја треба да преставува медијатор. Исламот проклами-ра дека го осудува насилството, како негативен, аморален чин, а од друга страна ја потенцира наградата за добросторените дела.

Во сурата Ел-Ниса се изнесува куранската објава за улогата на жената во семејството и во општеството. Ако се анализира оваа сура, се согледува дека Мухамедовиот курански ислам дозволува еднаквост меѓу мажот и жената во имотно-правен и образовно-едукативен живот. Кој останува на ова начело ќе биде прифатен во џенетот под кој течат реки . Читајќи го ова

суре, може да се види и личниот однос на Мухамед кон жените, кој смета дека со жените треба да се постапува благо, да се почитува нивното битие, да се возвишува семејството, а темел на семејниот живот може да биде само жената, мајката, брачниот другар. Тука всушност се гледа и една морална норма за улогата и значењето што и се придава на жената, позитивните особини што ја красат и повеќекратните улоги кои таа ги извршува. Всушност, во Куранот, во повеќе наврати се говори за улогата на жената како мајка, сопруга, домаќинка, при што посебно се потенцира нејзиното значење при исполнување на овие функции и токму преку таквиот став може да се види моралната димензија на Исламот, потенцирајќи го значењето на семејството како вредност и како клетка на секое општество. Но она што е уште поинтересно е токму дека преку улогата на жената прикажана преку Куранот, на некој начин стануваме свесни и за еден вид на двоен морал што се пласира, иако во Исламот тоа не се толкува на тој начин, како нешто неморално, пред се односот на мажот кон жената во некои сегменти, како на пример, сопственоста врз неа,но и дозволеноста за полигамија на мажите, што секако е далеку од морални принципи. Во Куранот се истакнува посебното значење што жената го има во семејството, таа е душата на семејството, личноста која се грижи за очувување на семејството, грижата за децата преку воспитание, морална едукација, учејќи ги нив како правилно да се носат со животните проблеми. За нејзиното значење говори и толкувањето за жената во Куранот каде таа се опишува како мајка создателка и токму поради тој факт под нејзините нозе се наоѓа рајот и само таа може да ги израсне децата и да ги направи добри и благородни. Интересен е фактот, што го потенцира Хаџиќ, дека ниту едно законодавство, пред и по Мухамед на жената не и посветува толку внимание како самиот Мухамед и тие права и се истакнати преку Куранот. Во предмухамеданското време женското битие немало никакви права, ниту во семејството, ниту во правната регулативе и при наследство, но затоа во Куранот тоа се регулира. Читајќи го Куранот се согледува дека муслиманот штом стапува во брак ги превзема врз себе сите морални и материјални обврски кон својата жена и затоа се истакнува и им се препорачува на муслиманите да се женат со оние што ги сакаат, а во случај на развод или смрт на мажот, жената го има правото на стекнатиот имот, дури и на половина од богатството што го стекнала фамилијата. Во еден од адисите Мухамед ќе истакне дека раѓањето на женско дете преставува вистински божји благослов за родителите, и со одделен закон се заштитуваат женските деца, како што се вели во Куранот: Чувајте го имотот на малолетниците и немојте да ги трошите нивните добра за да ги зголемите вашите. Тоа би било голем злочин.Никогаш да не ги отуѓувате и да не ги освојувате имотите на малолетниците освен кога ги заштитувате и им ги зголемувате. Кога им давате сметка нека тоа биде пред сведоци .

За несогласувањето меѓу мажот и жената, исто така има места во Куранот, кои покажуваат морална димензија за разговор, а не насилство при решавање на конфликт и несогласување. Во однос на тоа во Куранот се вели: Ако стравувате дека има раздор меѓу мажот и жената, викнете еден член од женината и еден од мажовата фамилија и нека тие го решат спорот. Ако сопружинците се согласуваат и понатаму да живеат во семејна заедница, Бог нека ги благослови . Но, кога ќе настапи оправдана и законска причина и кога обидот за помирување на родителските спорови останува без резултати, тогаш мажот е должен жената да ја пушти возвишено и големодушно и со сила не смее да ја задржи и неправда да и направи .Разведената мајка е должна да ги чува децата две години, а таткото на детето е должен мајката на детето и детето да ги храни, да ги облекува и да се грижи за се друго . Но, како што напоменав, во Куранот се одобрува и полигамија, што на некој начин тие го сметаат за морално, иако според сите морални правила и морални начела тоа се коси со моралноста. Исламот, како и Куранот, не пропишува полигамија, ниту и дава статус на обврзност, туку дава право на неа. Како што укажува на тоа Беговиќ , користењето на тоа право Куранот го условува во вид на препораки со оглед на материјалните и морални можности на мажот да издржува повеќе жени и деца, спрема сите да биде еднакво внимателен, а бројот на жените е ограничен на четири.

Посебно интересно е сурето Ел-Маиде, каде што се наоѓа објавата која решава круцијални проблеми и во кое може да се каже дека се содржани суштинските морални норми и вредности. Во еден ајет од тоа суре се вели: Оној кој убива некого бесправно, или оној кој прави нéред на земјата е еднаков на оној кој би го поубил целиот свет, а оној кој го оживува човекот како да го оживува целиот свет . Верниците треба да ги исполнат обврските и кон Бога и кон државата и меѓу себе . Животот треба да се организира на тој начин да има помалку сиромашни, должници, а многу повеќе да има работници, зекатни добротворци. Дозволено ви е се што е убаво, убави и чисти жени, убави и чисти нешта, и јадења ви се дозволени. Преку овие стихови се гледа дека основните постулати се морални норми, пред се чесноста како една врвна морална вредност, потоа почитта, вредноста на животот, еднаквоста како морален принцип, човекољубието, космополитизмот, односно, многу морални вредности се тука содржани.

Во истото суре, во еден друг ајет стои малку специфична норма, норма за која може да се каже дека се коси со моралноста, односно норма, која го потикнува и поддржува во одредени ситуации насилството. Се вели: За животот се грижи самиот телесен носител, семејството, верниците, пријателите, државата, со посебна грижа оти е чисто божје дело. Телото е телесно и се прави од тој материјал.Душата, чиј центар е главата, се прави од Бог и е од душевно-душевен искон. Добро е да се има исклучител-

но добра душа, оти само таа води во џехенет. Животот треба да се штити со сретствата кои ги одредува Бог: човек за човек (да се убива оној кој убива друг), око за око, нос за нос, уво за уво, заб за заб и рани (со истата мера) и да се возвратат. А вистинските насилници се оние кои не судат по она што Бог го објавил. Навистина спротиставеност на морални норми и начела, имено во претходното суре се вреднуваше животот, како нешто најсвето и од Бога дадено, а овде, иако се проповеда доброто како морална вредност, самиот став и сентенцата да се врати со иста мера, макар и насилно, говори дека во исламската религија морално е да се делува насилно само ако животот ти е загрозен или си нападнат. И во сурето Ел-Му'мин се зборува за насилство, односно таму се дава јасна определба на војната и се вели: Дозволена е борба на оние кои ќе бидат нападнати, затоа што им е направено насилство. Сепак се препорачува дека ако не се неопходни, војните треба да се избегнуваат. Но, ако нивното дејствие е неизбежно, тогаш апсолутно можат да се избегнуваат насилничките дејствија и сретства и да се применуваат преговорите, договорите и разбирањето, бидејќи човекот е разумно суштество и знае дека доброто и злото имаат една линија на раздвојување: мирот донесува добро, убаво, праведен и божји живот, а војната зло и сатански живот. За оние кои се решаваат по пат на насилство да решат определен проблем и да добијат нешто, во Куранот се вели: Навистина очите не се слепи, туку срцата им се слаби кои се наоѓаат во нивните гради . Всушност се потенцира дека луѓето можеби свесно превземаат насилнички дејствија, но кај тие луѓе емоциите се затапени, при што за нив не можеме да кажеме дека се морални битија, бидејќи посебното морално чувство е посебна специфика на моралот.

Сурето Ел-Ен'ам се посветува на категоријалниот поим за животот и во него се вели: Животот на овој свет е само забава и игра. Всушност тука ни се доловува доктрината дека човекот е гостин на овој свет, но затскриено се укажува дека подолго се престојува на оној свет и затоа треба да се внимава што се прави.

Интересен е и ставот во сурето Ел-Нахл каде што се вели: Обожавај го својот господар додека не ти дојде смртта, додека за верата биди како пчела, отстрани го горчливиот, а прифати го вистинскиот мед. Овде се потенцира правилниот избор како морална норма, бидејќи човекот во текот на својот живот постојано е ставен во ситуација да избира, всушност, правилниот и вистински избор, секогаш проследен со принципите на вистинитост и добрина, треба да биде патоказ во човечкиот живот.

Во сурето Ел-Фетх има интересен став, кој провоцира морални норми, а тој став гласи: О, верни, не дигајте ги своите гласови над гласот на божјиот пратеник, со него гласно не зборувајте, бидејќи ќе ви се срушат вашите дела без да знаете. Не критизирајте и не предизвикувајте лоши дејства, не клеветете

никого, не кодошете. Преку овој дел се истакнуваат вредности и норми како што се вистинитост, чесност, добрина, доблесност, а се критикуваат улизувањето, неправедноста, лошите дејства и лошите мисли.

Во целиот Куран, во многу сури се потенцира вистината како вредност, а се осудува лагата. На пример, во сурето Ел-Рахман се вели: О верници зашто зборувате за тоа што не го правите, кај Бог тоа предизвикува голема омраза, Бог многу мрази да го зборувате тоа што не го правите. Всушност тука се потенцира дека Бог настојува секогаш како вредност да се почитува вистината, а да се избегне лагата, да не се постапува дволично бидејќи тоа е негативна особина.И во други суриња се потенцира чесноста како вредност, а нечесноста и неверноста се сматаат за крајно неморални. И во тој контекст се вели: Судниот ден остро ќе ги суди неверниците и нивните дела ќе ги казни со пеколен живот, ќе бидат испржени со жежок оган и ќе немаат никаква храна освен трње.

Всушност преку повеќе суриња Мухамед потенцира и докажува колку е тежок патот до напредокот, совршенството, вистината. Тој е еволутивен, но секогаш продуктивен и плодоносен, а патот на лагата, лошото и лесниот живот е лессен, но непродуктивен.

Анализирајќи го Куранот, преку сурите и ајетите може да се согледа дека се гради еден етички кодекс според следниве принципи:

- Постои и дејствува само еден Бог и не замислувајте друг;
- Почитувајте ги родителте и ним покорувајте ги;
- На секого дам у го дадете неговото право;
- Не растурајте и не расипувајте;
- Да се чувате од претераност, да се држите по принципите на златната средина;
- Да не убивате, штитете ги децата;
- Не чинете прељуба и не бидите насилници садисти;
- Неправедно да не малтретирате и да не убивате;
- Божествено и најубаво да постапите со сиромашните;
- Правото да го мерите не со кантар или со меч, туку со чувство на одговорност;
- Да не го следите и проследите слепо тоа што не го знаете и секогаш слушајте го оној што знае повеќе од вас;
- Не одете по земја со грди и лоши стапала, туку со сигурни и со убави чекори .

Всушност ако се анализираат овие денови, може да се заклучи дека се еден вид пандан на десетте божји заповеди, дадени во Стариот завет. Преку овие сентенци, се укажува на темелните вредности кои се двигатели на човековиот живот, како што се праведноста, чесноста, човечноста, хуманизмот, знаењето, правољубието, умереноста, љубовта кон спротивниот пол, но и кон родителите, онаа чесна и искрена љубов, а од друга страна се

критикуваат сите неморални дејанија и лоши работи како што: нечесноста, користољубието, прељубата, неверството, алчноста и сл.

## ЗАКЛУЧОК

Анализирајќи го Куранот и цитирајќи дел од ајетите кои се содржани во суриињата може да се заклучи дека Куранот како света книга на муслиманите е етички и верски идеал на исламските верници. Како што ќе истакне Монтет Исламот преставува рационална и етичка религија, посебно ако се набљудува од етимолошки и од историски аспект, со самата вера и нејзините знаци и симболи, дури и од амајлиите кои го сочинуваат стеблото на муслиманската религија. Светата книга Куран и неговата догма за Бог-Алах се сведува на опш-верски и етички став за здружување и соединување на исламските верници во единствена исламска држава и сето ова ја прави исламската религија возвишена за отворање на патот и самата да стане дело и непосреден агенс на човековата свест воопшто.

Како што може да се види, она што е карактеристично за исламот и она што преовладува во Исламот е една апсолутизација на Бог каква што не може да се поима во другите религии на така консеквентен начин. Бог е апсолутен господар на се, без него не може ништо да се случи, ниту да постои. Што е Бог, каков е Бог, според Исламот и според Мухамед, може да се научи само од Куранот, кој преставува и извор на морални норми, бидејќи само од Куранот луѓето можат да научат што е добро, а што зло. Од приматот на должности, обврски и верувања што се предлагаат и заповедаат на некој начин во Куранот, се добива впечаток дека верникот треба сите свои општествени обврски, односи и вредности, бидејќи тие во најголема мера го обликуваат неговото однесување и го изградуваат како морално битие. Преставите за добро и зло, за пекол и рај кои се содржани во Куранот, Мухамед ги проповедал како средство за влијание врз луѓето, пред се со цел тие да водат морален живот.

Она што исто така е специфично за Исламот е што Исламот не гледа на човечката природа и сетилност како нешто што е безвредно и грешно, односно има афирмативен став спрема природните вредности. Како пример ќе споменам дека во Куранот за сексуалната потреба на човекот не се вели дека е извор на грев и зло, туку напротив, тое е природна потреба на човекот која има за цел продолжување на родот. Според одредени исламски етички списи чезнеењата и желбите ја имаат убавината на планината. Во однос на моралниот кредибилитет поврзан со сексуалниот нагон, во Исламот според Куранот тие се дозволени само во рамките на бракот, а одржувањето на сексуалните контакти надвор од бракот се забранува како на грев кој е насочен против божјите закони.

Повеќето автори кои го проучувале Исламот него го определуваат како етичка религија. Кога ќе се прочита Куранот добивате впечаток дека етичката димензија струи низ целиот Куран. Читајќи го Куранот ќе сфатите дека чувството за праведност, на пример, преставува еден од највозвишените идеали, и сите други начела кои се прокламираат во Куранот не се само мистични,напротив, тоа се етички идеали и еден вид практични регулативи и дела на секојдневниот живот. Читајќи го Куранот се добива впечаток дека тој е еден темелен религиски исламски документ кој го нормира етички целокупното верско битисување, а тоа значи не само нормирање на верниковиот личен живот, туку и нормирање на целокупниот живот на заедницата. Како што потенцира Смаилагиќ , преку етичкото ниво на Куранот се манифестира исламската практична теологија. Божјата објава на вистината и добрината го соединува духовното со моралното, опфаќајќи ја целината на човековиот живот (фамилија, пријателство,наука, заедница), на тој начин што ги дефинира исламските елементи, мерила и вредности на човековата заедница. Тој, исто така, упатува на фактот дека исламската етика значи силно афирмирање на човековата личност, во прв ред затоа што човекот ја има добиено најзначајната задача, а тоа е да прави добри дела, а истовремено да ги спречува лошите дела. Доброто ќе го победи злото само ако човекот живее строго почитувајќи ги и применувајќи ги принципите и нормите на исламската етика.

Всушност, преку Куранот, како најзначајна исламска света книга, се добива впечаток дека тоталитетот на општествениот живот, вклучувајќи ја и државната заедница, Исламот ги третира како етичка категорија или морална институција, кои се во функција на имплементација на вистината и добрината содржани во форма на етички должности во божјата објава.

Всушност, не случајно, многумина автори, а и секој од нас доколку го прочита Куранот и ја истражи исламската вера, може да заклучи дека во суштина таа е етичка религија. Целиот Куран преставува целосна етика и морално исполнување на божјите објави и на самата исламска вера и дури може со право да се каже дека Исламот успеал да стане светска верска моќ благодарение на тоа што моралната димензија кај него е неприкосновена. Имено, како што се вели, без вредности и без својства, животот би бил крајно нецивилизиран и некултурен и како што во една прилика ќе истакне Мухамед: Јас сум испратен со мисија човекот да го спасам од игрите и морално да го усовршам. Исто така, за да се потенцира етичката димензија на Куранот говори и фактот дека двете основни категории и јадра на Куранот се поимите рај и пекол, или поинаку поимано, односот помеѓу убавината и грдоста, доброто и злото, праведното и неправедното, вистината и лагата, верата и неверата, човек и нечовек, односно, основните етички категории се содржани во

овие поими и со право може да заклучиме дека исламската религија во својата срж и суштина ја има етичката димензија.

ABSTRACT

While poreing over the Islam, you realise that it is an ethical religion. After having read the Koran, you get the impression that ethics is incorporated in all its chapters. You will also face that the justice is one of the most important things. Furthermore, all other basic rules are not just mystical but ethical, and they are also a sort of practical principles of the every-day life. It leaves a mark of a detailed religious islamic document which scales the whole religion in an ethical way, meaning standardisation of the believers personal life and of the community as a whole. God's request for truth and goodness unifies the spiritual with the moral including family, friendship, science and community. This is the way of defining the islamic elements, meassures and values of the people. The islamic ethics means to cultivate human beings, especially in order to support people to do benefactions and at the same time to stop the bad things. Good triumphs over evil if people stick to the principles and norms of the islamic ethics.

The Koran as a whole presents ethical and moral fulfilment of the God's requests and the islamic religion. It is also noticable that the Islam has succeeded to become a world-wide religous power because of the fact that his moral dimension is inviolable. It is namly said that without values and characters, life would be quite uncivilised and according to Muhamed: "I am sent to protect people from games and to moraly improve them". In order to underline the ethical dimension of the Koran, there are two bacis things to mention: heaven and hell, or the proportion between the beautiness and uglyness, the good and evil, justice and injustice, truth and lie, belief and unfaithfullness. All the basic ethical categories are incorporated in these words. Referring to this, we can conclude that the islamic religion has a crucial ethical dimension.

## ЛИТЕРАТУРА

Arbery I. Arthur,"The Koran Interpreted",Oxvord University Press, London, 1964

Begovič M.,"Šerijatsko bračno pravo", Beograd,1934

Бикај Морис, "Библијата, Куранот и науката", Логос-А, Скопје, 2003

Biševič Hido,"U ime Alaha-Iranska Islamska revolucija", Naprijed, Zagreb,1987

Bouker Đon, urednik,"Religije", prevod, Stylos, Novi Sad, 2006

Bulač Ali, "Islam i demokratija, teokratija i totalitarizam", Sarajevo, 1995

Vehbi Ismail, "Vjerovjesnik MuhamedA.S.", Starešinstvo, BiH, Sarajevo, 1988

Гијом Алфред, "Ислам", Култура, Скопје,2001

Група автори,"Osnivači velikih religija",Toper book, Beograd,2002

Група автори, „Краток коментар на Куранот" превод Хасан Џило, Скопје, 2006

Elijade Mirča, "Vodič kroz svetske religije", Narodna knjiga Alfa, Beograd, 1996

Изетбеговиќ Алија, „Исламот помеѓу истокот и западот“, Логос-А, Скопје, 2005
Kasim Dobrača, “Kloni se zla, Islamski gledanje na štetne navike, Starešinstvo, BiH,Sarajevo,1974
Montel Edvard, “La Propaganda et sesadversaries Muslimans”, Paris, 1913
Smailagič Nerkez, „Uvod u Kuran“, Medicinska naklada, Zagreb, 1975